РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-215/1
15-01-2024 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/2002) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица", бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), а во врска Одлуката за ослободување од плаќање надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Детска радост" Струмица донесена на седница на Совет на општина Струмица на ден 28.12.2023 со архивски број 08-11050/1 и Одлуката за ослободување од плаќање надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Виножито" Струмица донесена на седница на Совет на општина Струмица на ден 28.12.2023 со архивски број 08-11051/1, Градоначалникот на општина Струмица објавува:

# Ј А В Е Н П О В И К

**за**

**пројавување интерес за ослободување од плаќање надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Детска радост" Струмица и ЈОУДГ „Виножито" Струмица**

1.Правото на партиципација во ЈОУДГ „Детска радост" Струмица и ЈОУДГ „Виножито" Струмица се остварува за дете од семејство на самохрани родители кои земаат плата пониска од просечната месечно исплатена нето плата на ниво на Република Северна Македонија или невработени лица кои живеат на територија на Општина Струмица.

2.Самохрани родители кои влегуваат во оваа категорија и имаат право на ослободување на плаќање надомест за престој на своите деца во тековната 2024 година, започнувајќи од 01.01.2024 до 31.12.2024 година се родителите на деца кои престојуваат во ЈОУДГ „Детска радост" Струмица и ЈОУДГ „Виножито" Струмица, доколку:

-Еден од родителот е починат;

-Еден од родителот е непознат;

-Детето е од разведен брак.

3.Подносителот на пријавата – самохран родител кој ги исполнува горенаведените критериуми, за остварување на правото за ослободување на плаќање надомест за престој на деца во ЈОУГД „Детска радост„ Струмица и ЈОУДГ „Виножито" Струмица треба да ги приложи следните документи:

-Пријава за пројавување интерес согласно Одлуките за ослободување од плаќање на надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Детска радост" Струмица и ЈОУДГ „Виножито" Струмица (може да се преземе од веб страната на Општина Струмица или од архивата при Општина Струмица)

- Фотокопија од лична карта на подносителот на пријавата;

- Потврда за просечна плата на самохраниот родител за последните три месеци;

-Потврда од Агенцијата за вработување доколку подносителот е невработено лице евидентирано во Агенцијата;

-Фотокопија од извод на матична книга на родени на детето;

-Доколку едниот родител е починат, фотокопија од извод на матична книга на умрени;

-Доколку родителите се разведени, доказ за престанок на брак;

Изборот на кандидати кои ги исполнуваат условите ќе се врши од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Струмица;

**Јавниот повик трае 10 дена од денот на објавувањето.**

За да бидат прифатени пријавите целокупната документација е потребно да се достави исклучиво по препорачана пошта или лично во архивата на Општина Струмица, во запечатен плик на кој е назначено дека е за **Јавен повик - за пројавување интерес согласно Одлуките за ослободување од плаќање на надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица и „ЈОУДГ Виножито“ Струмица**, во работни денови од понеделник до петок, помеѓу 08:00 и 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол освен горенаведеното да стои и: „Не отварај“, а во долниот десен агол да стои: Општина Струмица, ул.„Сандо Масев“ бр. 1.

**Лице за контакт:**
**Нела Масалковска**
**е-маел nela.masalkovska@strumica.gov.mk**

**Општина Струмица**
**Градоначалник**
**Костадин Костадинов**